Универзитетски гласник анекс

Издавач
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Уредник на издавачката дејност на УКИМ
Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник на Универзитетски гласник
м-р Марија Маневска, генерален секретар

Лектор
Весна Илиевска Цветановска

Техничко уредување
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска

ПРАВИЛНИК
за измена на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје (АНЕКС бр. 9) 2

ОДЛУКА
за давање согласност 3

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21, бр. 58/24 и бр. 124/25), член 57, став 1, точка 16 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 445/19 и бр. 445/26), Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 18. седница одржана на 16.9.2026 година, го донесе следниов

П Р А В И Л Н И К
за измена на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје (АНЕКС бр. 9)

Член 1

Со овој правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје (АНЕКС бр. 9), на начин што членот 5 се менува и гласи:

„Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно **107** извршители на наставен, ненаставен и помошно-технички кадар, распоредени по организациони единици согласно со Правилникот за внатрешната организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Правилникот за организација), од кои пополнети се 83".

Член 2

Во членот 6, табелата се менува во делот на бројот на систематизирани и пополнети работни места на наставниот кадар и работни места на друг соработнички кадар во високото образование, и тоа:

Ниво	Систематизирани	Пополнети
А1 – редовен професор	46	45
А2 – вонреден професор	7	7
А3 – доцент	3	2
А1 – научен советник	2	2
А2 – виш научен соработник	3	3
А3 – научен соработник	4	3
В1 – асистент	16	7
В3 – стручен соработник за проекти	1	0
Г2 – виш лаборант за испитување на материјали	1	1
Г2 – виш лаборант за заботехничка лабораторија	4	3
Г2 – виш лаборант – стручна стоматолошка сестра – орален хигиенолог	2	0
Г2 – виш лаборант – биолог	1	1
ВКУПНО	**90**	**74**

Член 3

Членот 7 и табелата за работни места на ненаставен кадар – Стручно-административна служба, се менува со тоа што бројот на пополнети работни места од „9" се намалува на „8" и гласи:

„Во овој правилник се утврдени и се опишани вкупно 16 извршители на ненаставниот кадар, во Стручно-административната служба, од кои 8 се пополнети."

Работните места на ненаставниот кадар се распоредени на следниов начин:

Работни места на ненаставен кадар – Стручно-административна служба		
Ниво	**Систематизирани**	**Пополнети**
А2 – секретар	1	1
Б4 – раководител на одделение	4	2
В1 – советник	1	1
В2 – виш соработник	2	1
В3 – соработник	4	0
Г1 – самостоен референт	3	3
Г4 – помлад референт	1	0
ВКУПНО	**16**	**8**

Член 4

Во делот IV. Табеларен приказ на работните места, точка 1. Наставен кадар, во табелата под реден број 1, назив на работното место редовен професор , бројот на извршители „48" се заменува со бројот „46",

- во табелата под реден број 2, назив на работното место вонреден професор , бројот на извршители „6" се заменува со бројот „7",
- во табелата под реден број 3, назив на работното место доцент, бројот на извршители „2" се заменува со бројот „3",
- во табелата под реден број 4, назив на работното место научен советник, бројот на извршители „4" се заменува со бројот „2",
- во табелата под реден број 5, назив на работното место виш научен соработник, бројот на извршители „6" се заменува со бројот „3",
- во табелата под реден број 6, назив на работното место научен соработник, бројот на извршители „3" се заменува со бројот „4",
- во табелата под реден број 10, назив на работното место виш лаборант за заботехничка лабораторија, бројот на извршители „7" се заменува со бројот „4" и
- во табелата под реден број 11, назив на работното место виш лаборант стручна стоматолошка сестра – орален хигиенолог, бројот на извршители „11" се заменува со бројот „2".

Табелата под реден број 13, звање: виш лаборант, назив на работното место: виш лаборант – дипломиран лабораториски биомедицински инженер се брише, па редните броеви на табелите од точка 2. Ненаставен кадар од 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 до 30 се менуваат и стануваат редни броеви 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28 и 29.

Член 5

Прилог 1 – Работна карта на работни места во делот на редните броеви, бројот на систематизирани и пополнети работни места на наставен кадар, работни места на друг соработнички кадар во високото образование и работни места на ненаставен кадар, како и вкупниот број на систематизирани и пополнети работни места се менува, и тоа:

Р. бр.	Шифра	Звање и/или назив на работното место	Број на извршители	
			систематизирани	пополнети
НАСТАВЕН КАДАР				
1	ОБН 03 02 А01 001	Редовен професор	46	45
2	ОБН 03 02 А02 001	Вонреден професор	7	7
3	ОБН 03 02 А03 001	Доцент	3	2
4	ОБН 03 02 А01 001	Научен советник	2	2
5	ОБН 03 02 А02 001	Виш научен соработник	3	3
6	ОБН 03 02 А03 001	Научен соработник	4	3
7	ОБН 03 02 В01 001	Асистенти	16	7
8		Стручен соработник за проекти	1	0
9	ОБН 03 02 Г02 002	Виш лаборант за испитување на материјали	1	1
10	ОБН 03 02 Г02 002	Виш лаборант за заботехничка лабораторија	4	3
11	ОБН 03 02 Г02 002	Виш лаборант – стручна стоматолошка сестра – орален хигиенолог	2	0
12	ОБН 03 02 Г02 002	Виш лаборант – биолог	1	1
		ВКУПНО:	**90**	**74**
НЕНАСТАВЕН КАДАР (СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНИ ЛИЦА)				
1	ОБН 01 02 А02 001	Секретар	1	1
2	ОБН 01 02 Б04 001	Раководител на Одделението за правни и општи работи	1	1
3	ОБН 01 02 Б04 005	Раководител на Одделението за студентски прашања	1	0
4	ОБН 01 02 Б04 011	Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење	1	1
5	ОБН 01 02 Б04 003	Раководител на Одделението за проектна соработка	1	0
6	ОБН 01 02 В03 оо2	Соработник за човечки ресурси	1	0
7	ОБН 01 02 Г01 о10	Самостоен референт архивар	1	1
8	ОБН 01 02 Г04 005	Помлад референт за ИКТ	1	0
9	ОБН 01 02 В03 о13	Соработник за јавни набавки	1	0
10	ОБН 01 02 Г01 о08	Самостоен референт за благајна	1	1
11	ОБН 01 02 В01 оо5	Советник за студентски прашања	1	1
12	ОБН 01 02 В02 оо5	Виш соработник за студентски прашања	1	1
13	ОБН 01 02 В02 008	Виш соработник за библиотечно работење	1	0
14	ОБН 01 02 ГО1 006	Самостоен референт администратор	1	1

15	ОБН 01 02 В03 003	Соработник за меѓународна соработка	1	0
16	ОБН 01 02 В03 оо4	Соработник за настава и наука	1	0
		ВКУПНО:	**16**	**8**
НЕНАСТАВЕН КАДАР (ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА)				
1	ОБН 04 01 А01 002	Хигиеничар	1	1
		Вкупно	**1**	**1**
		Вкупно за сите	**107**	**83**

Член 6

Се задолжува Стручно-административната служба да изработи пречистен текст на овој правилник.

Член 7

Овој правилник за измена на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје (Анекс бр. 9) – Прилог 1 – Работна карта на работни места на наставен кадар, работни места на друг соработнички кадар во високото образование и работни места на ненаставен кадар, влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добиената согласност од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и ќе се применува од 1.10.2026 година.

Д е к а н
Проф. д-р Соња Апостолска, с.р.

Врз основа на член 103, став (1), алинеја 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 208, став (1), алинеја 20 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа, на 315. седница одржана на 17.9.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за давање согласност

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје (Анекс бр. 9).

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

Р е к т о р
Проф. д-р Биљана Ангелова, с.р.